Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија , на седницата одржана на ден 07.12.2021 година по Препораката на Бирото за застапување на РСМ по предметот *Бајиќ против* РСМ, А.бр.2833/13 од 10 јуни 2021 година, за доследна примена на начелото на еднаквост на оружјата и контрадикторност на кривичната постапка го утврди следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Одговорот на Јавниот обвинител на РСМ во предметите по барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда се доставува до подносителите на барањата во писмена или електронска форма на нивно запознавање, кои можат по потреба да поднесуваат дополнителен коментар во рок од 8 дена од приемот, а согласно пресудата на Европскиот суд за човекови права *( Бајиќ против РСМ)* , бр, 2833/13, § 58 и § 59, 10 јуни 2021 година).

Овој начин на постапување во судот ќе се применува од 01.01.2022 година.

ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА